Врз основа на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РСМ бр.12/2019) и Законот за заштита на укажувачи (Службен весник на РМ бр.196/2015, бр.35/2018 и Службен весник на РСМ бр.257/2020), во согласност со член 19 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (Сл. Весник на РСМ бр.165/2020), на 79 - та седница на Управниот Одбор на Друштвото на ден 28.06.2021 година го донесе следниот

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

**на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО) во 2021 година ќе промовира висок степен на интегритет и нулта толеранција на корупција.

Во оваа насока АД МЕПСО ќе ги превзема сите потребни активности за превенција и навремено препознавање на ризиците од корупција.

Посебен акцент во справувањето со корупцијата во 2021 година ќе биде ставен на унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените од кои што се очекува при извршување на задачите од овластувањата да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност и да работат во полза на Друштвото и јавниот интерес.

Обврска на сите вработени е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно законите, подзаконските акти, интерните акти (правилата, прописите и професионалните стандарди) на Друштвото.

Потребно е секој вработен да ги почитува и применува законските и подзаконските акти и прописи, интерните акти на АД МЕПСО, како и општо прифатените професионални и етички норми на однесување со што ќе манифестира висок степен на интегритет во работењето, се со цел да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да и се спротивстави на корупцијата.

Никој не смее да биде исклучок при утврдувањето одговорност за коруптивно однесување како што никој нема мандат да го попречува, да го ограничува или на кој било начин да го разводнува процесот на утврдување одговорност.

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

АД МЕПСО ќе ги превзема сите мерки и активности за спречување, препознавање и сузбивање на сите облици на корупција кои можат да се појават во Друштвото, а се последица на:

- постапување или непостапување на раководството и вработените при вршење на службените задачи и овластувања, за што како возврат прибавуваат за себе или за друг некаква корист, погодност, интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета;

- непостапување согласно законите, подзаконските акти, интерните акти и прописи на Друштвото и стандардните постапки и процедури на штета на Друштвото;
- злоупотреби на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета.

## НАЧИН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Годишниот План за спречување на корупција за 2021 година АД МЕПСО ќе го спроведува преку имплементација на следните програмски активности :

- Членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор и Службеникот за усогласеност на Друштвото во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси уредно и навремено ќе ги исполнуваат своите законски обврски за доставување на анкетни листови за пријава на имотот;
- Членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор, Службеникот за усогласеност и вработените во АД МЕПСО при извршување на своите обврски, овластувања, работни задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес туку доследно ќе се придржуваат кон начелото на законитост (законите, подзаконските акти, интерните акти на Друштвото, како и стандардните правила и процедури на АД МЕПСО), начелото на еднаквост, начелото на јавност, не-дискриминација или повластување на било кого;
- АД МЕПСО ќе соработува со Државната Комисија за спречување на корупцијата, како и со други надлежни државни органи и институции, во согласност со начелото на заштита и одговорност;
- АД МЕПСО ќе спроведува процена за ризик од појава на корупција на работните места преку внимателна анализа на ризиците и на ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службените обврски, овластувања, работни задачи за што е потребно навремено преземање мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција;
- Преку континуирана и специјализирана обука за вработените и нивното стручно оспособување и усовршување, како и преку донесување и имплементација на интерни процедури и упатства за работа на работните процеси во Друштвото АД МЕПСО ќе овозможи услови за професионализација и јакнење на интегритетот на вработените во АД МЕПСО;
- АД МЕПСО ќе превзема превентивни активности при селекција и избор на ново вработени на начин што од редот на постојните вработени и раководниот кадар на Друштвото ќе се формираат комисии за прием кои преку одржувања на непосредни интервјуа со кандидатите и преку анализа на доставената документација ќе вршат селекција на најдобрите кандидати, при што најстрого ќе се води сметка како критериум за прием да не се земаат во предвид роднинските и пријателските врски на кандидатите со претставници на законодавната, извршната и судската власт во државата;
- АД МЕПСО ќе ја зајакне контролата и надзорот на јавните набавки во Друштвото преку забрана за лично влијание на раководните структури на Друштвото и на вработените кои се учесници во постапките за јавни набавки на текот и исходот на јавните набавки.

**ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ЦЕЛИ**

Преку доследна примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за заштита на укажувачи, како и другата поврзана законска и подзаконска регулатива АД МЕПСО има општествена одговорност :

- Согласно обврската за јавноста и отчетност да обезбеди услови за почитување на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на Друштвото преку вистинито, објективно и непристрасно информирање на јавноста за работи и настани кои се од делокругот на работа на Друштвото а се од јавен интерес;
- Секогаш водејќи се од начелото на транспарентност, отчетност и не-дискриминација навремено да постапува по сите барања проследени од страна на претставници од медиумите и други релевантни баратели на информации од јавен карактер;
- Да продолжи со практиката на својата веб-страница да објавува податоци, извештаи, информации за работни средби и дневни настани кои произлегуваат од делокругот на активности кои се поврзани со процесот на работата на Друштвото.

Në bazë të Ligjit për Parandalim të Korrupsionit dhe Konfliktit të Interesave (Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 12/2019) dhe Ligjit për Mbrojtjen e Denoncuesve (Gazeta Zyrtare e RM-së nr. 196/2015, nr. 35/2018 dhe Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 257/2020), në përputhje me nenin 19 të Statutit të Operatorit të sistemit elektrotransmetues të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri Aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektrotransmetues , në pronësi shtetërore, Shkup (Gazeta Zyrtare e RMV-së nr. 165 / 2020), në mbledhjen e 79 të Këshillit Drejtues të Shoqërisë më 28.06. 2021 u solli:

## PLAN VJETOR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

## në Operatorin e sistemit elektrotransmetues të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri Aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

### DISPOZITAT E PËRGJITHSHME

Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut, Shoqëri Aksionare për transmetimin e energjisë elektrike dhe menaxhimin e sistemit elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup (në tekstin e mëtejmë: ShA MEPSO) në vitin 2021 do të promovojë shkallë të lartë të integritetit dhe tolerancë zero për korrupsionin.

Në këtë drejtim, ShA MEPSO do të ndërmarrë të gjitha aktivitetet e nevojshme për parandalimin dhe njohjen në kohë të rreziqeve të korrupsionit.

Theks i veçantë në trajtimin e korrupsionit në vitin 2021 do të vihet në promovimin e integritetit personal dhe profesional të punonjësve nga të cilët pritet që gjatë punës të përdorin njohuritë dhe aftësitë e duhura, kapacitetin etik, vendosmërinë dhe ndershmërinë si dhe të punojnë në favor të Shoqërisë dhe interesit publik.

Detyrimi i të gjithë punonjësve gjatë kryerjes së detyrave është që të veprojnë në përputhje me ligjet, aktet nënligjore, aktet e brendshme (rregullat, rregulloret dhe standardet profesionale) të Shoqërisë.

Është e nevojshme që çdo punonjës të respektojë dhe zbatojë ligjet dhe aktet nënligjore dhe rregulloret, aktet e brendshme të ShA MEPSO, si dhe normat e pranuara profesionale dhe etike të sjelljes, të cilat do të manifestojnë një shkallë të lartë të integritetit në punë, me qëllim për t'i njohur format e korrupsionit dhe të posedojë aftësi për t'iu kundërvënë korrupsionit.

Askush nuk duhet të jetë një përjashtim në vendosjen e përgjegjësisë për sjellje korruptive ashtu siç askush nuk ka mandat të pengojë, kufizojë ose në ndonjë mënyrë të zbehë procesin e vendosjes së përgjegjësisë.

### AKTIVITETET E PROGRAMIT

ShA MEPSO do të ndërmarrë të gjitha masat dhe aktivitetet për njohjen,parandalimin dhe mposhtjen e të gjitha formave të korrupsionit që mund të paraqiten në Shoqëri dhe që janë pasojë e:

- Veprimi ose mosveprimi i udhëheqësisë dhe punonjësve gjatë kryerjes së detyrave dhe kompetencave zyrtare, për të cilat në këmbim kërkohet ndonjë përfitim personal apo të vetës së tretë, komoditet,interes perosal apo të vetës së tretë ose për të dëmtuar tjetrin;
- Mosveprimi në përputhje me ligjet, aktet nënligjore, aktet e brendshme dhe rregulloret e Shoqërisë dhe procedurat si dhe proceset standarde në dëm të Shoqërisë;

- Abuzimi i pozitës dhe autoritetit zyrtar për interes material apo jomaterial,komoditet,interes për vete apo për veten e tretë,interes të premtuar,ofruar, dhënë,kërkuar, pranuar ose të pritur apo qëllim lëndimi dikë.

**MËNYRA E ZBATIMIT**

Plani Vjetor për Parandalimin e Korrupsionit për vitin 2021 ShA MEPSO do ta zbatojë përmes implementimit të aktiviteteve të mëtejme të programit:

- Anëtarët e Këshillit Drejtues, Këshillit Mbikëqyrës dhe Nëpunësi për harmonizim së Shoqërisë në përputhje me dispozitat e Ligjit për Parandalimin e Korrupsionit dhe Konfliktit të Interesave do të përmbushin në mënyrë të rregullt dhe me kohë detyrimet e tyre ligjore për të dorëzuar pyetësorët për regjistrimin e pronës;

- Anëtarët e Këshillit Drejtues, Këshillit Mbikëqyrës, Nëpunësi për harmonizim dhe punonjësit në ShA MEPSO gjatë kryerjes së detyrimeve, autorizimeve, detyrave të tyre të punës nuk duhet të vënë në kundërshtim me interesin publik interesat personale, materiale dhe ato jomateriale por t'i përmbahen parimit të ligjshmërisë (ligjet, aktet nënligjore, aktet e brendshme të Shoqërisë, si dhe rregullat standarde dhe procedurat e ShA MEPSO), parimit të barazisë, parimit publik, mosdiskriminimit ose privilegjit i askujt;

- ShA MEPSO do të bashkëpunojë me Komisionin Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit, si dhe me organe dhe institucione të tjera kompetente shtetërore, në përputhje me parimin e mbrojtjes dhe përgjegjësisë;

- ShA MEPSO do të realizojë një vlerësim të rrezikut të paraqitjes së korrupsionit në vendin e punës përmes analizës së kujdesshme të rreziqeve dhe situatave që mund të çojnë në konflikt të mundshëm të interesit dhe korrupsion gjatë kryerjes së detyrave zyrtare, kompetencave, detyrave që kërkojnë marrjen në kohë të masave për të eleminuar mundësinë e konfliktit të interesave dhe korrupsionit;

- Përmes trajnimit të vazhdueshëm dhe të specializuar për punonjësit dhe aftësimit dhe përmirësimit të tyre profesional, si dhe përmes zbatimit të procedurave dhe udhëzimeve të brendshme për proceset e punës në Shoqëri ShA MEPSO do të sigurojë kushte për profesionalizim dhe forcimin e integritetit të punonjësve në ShA MEPSO;

- ShA MEPSO do të ndërmarrë aktivitete parandaluese gjatë selektimit dhe përzgjedhjes së punonjësve të rinj në mënyrë të tillë që nga punonjësit ekzistues dhe stafi drejtues i Shoqërisë të formohen komisionet e pranimit të cilat përmes intervistave direkte me kandidatët dhe përmes analizës së dokumentacionit të paraqitur do të përzgjedhin kandidatët më të mirë,me kujdes maksimal dhe si kriter bazë të jetë mosmarrja në konsideratë të afërmit dhe miqtë e kandidatëve me përfaqësuesit e autoriteteve legjislative, ekzekutive dhe gjyqësore në vend;

- ShA MEPSO do të forcojë kontrollin dhe mbikëqyrjen e prokurimit publik në Shoqëri duke ndaluar ndikimin personal të strukturave menaxhuese të Shoqërisë dhe punonjësve që janë pjesëmarrës në procedurat gjatë rrjedhës dhe rezultatit të prokurimit publik.

**PËRGJEGJËSIA SHOQËRORE DHE OBJEKTIVAT**

Përmes zbatimit të vazhdueshëm të dispozitave të Ligjit për Parandalimin e Korrupsionit dhe Konfliktit të Interesave, Ligjit për Mbrojtjen e Denoncuesve, si dhe aktet e tjera ligjore dhe nënligjore ShA MEPSO mban përgjegjësi shoqërore:

- Në përputhje me detyrimin ndaj publikut dhe përgjegjësinë për të siguruar kushte për respektimin e parimeve të përgjegjësisë dhe transparencës në funksionimin e Shoqërisë përmes informimit të vërtetë, objektiv dhe të paanshëm të publikut për çështje dhe ngjarje që janë brenda fushës së veprimit të Shoqërisë si dhe me interes publik;

- Gjithmonë e udhëhequr nga parimi i transparencës, përgjegjësisë dhe mosdiskriminimit për të vepruar menjëherë ndaj të gjitha kërkesave të përcjella nga përfaqësuesit e mediave dhe kërkuesit e tjerë relevant të informacionit me karakter publik;

- Të vazhdojë praktikën e publikimit në faqen e saj të internetit të të dhënave, raporteve, informacioneve mbi takimet e punës dhe ngjarjeve të përditshme që dalin nga fusha e veprimtarive në lidhje me procesin e punës së Shoqërisë.

УО.бр./KD nr.02-3701/4-1
28.06.2021 година

**Претседател на Управен Одбор**
**Kryetari i Këshillit Drejtues**
**Kushtrim Ramadani**